**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 13.09.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата ќе се разгледува една точка а тоа е Предлог-записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.09.2021 година, кој беше одложен од технички причини.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.09.2021 година.

**Точка 1**

Г-дин Фиданоски во врска со предложениот Записник најави дека има неколку правописни корекции кои се однесуваат на неговите дискусии. На страна 3 од Записникот во пасусот од неговата дискусија во 9-ти ред зборот „владеачкиот“ предложи да се коригира во „владејачкиот“, понатаму во продолжение зборот „позицискиот“ да се коригира во „опозицискиот“ затоа што во тој дел говорел за партиите и од власта и од опозицијата. На истата страна во 11-ти ред зборовите „при тоа“ да се спојат и да биде “притоа“, и 17-ти ред во истиот пасус зборот „започнува“ да се замени со зборот

„почнува“. Исто така на страна 8 ред 4-ти исто од неговата дискусија зборот „ не внесување“ да се спои во еден збор и да биде „невнесување“ и 14- ред зборот „огинот“ да се коригира во „огнот“.

Советот на Агенцијата со предложените корекции од г-дин Фиданоски едногласно го усвои Записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.09.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Бр.** 02-3333/4
21-09-**2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**